РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3775/1 | | |

0705
ТРАЈКО
15.10.10 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***солфеж со елементарна теорија на музиката*** за шестгодишното основно музичко и балетско образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

# СОЛФЕЖ

## со елементарна теорија на музиката

Скопје, 2010

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИ‘КО ОБРАЗОВАНИЕ

# 1. ВОВЕД

Наставниот предмет солфеж со елементарна теорија на музиката е застапен во сите години на 6-годишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот целта на наставата во 6-годишното основно музичко образование е да се овозможи комплексен музички развој на учениците: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), стекнување на неопходни знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музичките приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката треба да придонесе за поттикнување желба кај учениците активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна поврзаност со свирењето инструмент. Во оваа завршна година на првиот период на 6-годишното образование акцентот е ставен како на проширување на знаењата и умеењата, така и на темелното утврдување на претходно обработените содржини и поими. Како и во претходните одделенија, наставните теми на предметот – Мелодика и Ритмика – се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи од 9 до 15 ученици.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да пројавува способност за точно пеење песни со разновидна мелодиско-ритмичка линија;
- да го проширува опсегот на гласот;
- да се оспособува за прецизно интонирање на тонска висина;
- да се оспособува за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да пројавува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројавува навика за активно, внимателно слушање на музиката;
- да пројавува осет за музичката изразност;
- да пројавува осет за ритам;
- да пројавува умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да изведува движења во музичко-ритмичките активности усогласено со музиката;
- да ги разбира неопходните музичко-теориски поими;
- да се ориентира во просторот;
- да свири со детски музички инструменти;
- да ги препознава, именува и запишува ноти од скалите до три (четири) предзнаци;
- да го препознава звучењето на дурската и молската скала;
- да го препознава звучењето на трите видови на молската скала;
- да го објаснува начинот на градењето на дурската и молската скала (трите видови);
- да ги објаснува предзнаците во дурската и молската скала;
- да може самостојно да испее полесна мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да пројавува умеење за солфежирање а виста;
- да се воведува во солфежирање на полесни двогласни примери;
- да пројавува способност за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: СОЛФЕЖ со елементарна теорија на музиката | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: МЕЛОДИКА | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го збогатува искуството за музичката уметност;<br>- да развива музички слух;<br>- да развива пејачки глас;<br>- да применува елементи на правилна вокална;<br>интерпретација при пеење песни и вежби;<br>- да го проширува опсегот на гласот;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од скалите кои се изучуваат;<br>- да ги сфаќа предзнаците во скалите со 3 и 4 предзнаци;<br>- да ги разликува визуелно и на слух трите видови на молската скала;<br>- да ги проширува знаењата на нотното писмо;<br>- да ги развива умеењата за пеење по ноти;<br>- да го сфати бас клучот;<br>- да стекнува внатрешен | - Скала A- dur<br>- Скала fis-moll, сите видови (со функции и каденци)<br><br>-Скала Es-dur<br>-Скала cis-mol (со функции и каденци)<br><br>- Скала E-dur<br>-Скала cis-moll сите видови (со функции и каденци)<br><br>- Мелодиски вежби во виолински и бас клуч<br><br>-Канони<br><br>-Полесни двогласни примери<br><br>- Пеење детски и | -Паралелни скали<br><br>- Латински имиња на тоновите<br><br>- Бас клуч (голема и мала октава)<br><br>-Прва октава/втора октава/мала октава/голема октава<br><br>- Интервали до октава (скалични интервали по големина)<br><br>- Динамика (mf, mp, ff, pp,cresc., decresc.)<br><br>- Темпо (бавно, умерено, брзо) | -Откривање на скалата A-dur, воочување на трите повишувалки.<br>-Откривање на скалата fis-moll (природен, хармонски и мелодиски вид) како паралелна.<br><br>- Солфежирање на мелодиски вежби во A-dur и fis-moll.<br><br>- Откривање на скалата Es-dur, воочување на трите снижувалки.<br>- Откривање на скалата c-moll (сите видови) како паралелна.<br>- Солфежирање на мелодиски вежби во Es-dur и c-moll .<br><br>- Откривање на скалата E-dur, воочување на четирите повишувалки;<br>- Откривање на скалата cis-moll (сите видови) како паралелна;<br>- Солфежирање на мелодиски вежби во E-dur и cis-moll.<br><br>- Вежби со латинските имиња на тоновите во скалите кои се изучуваат.<br><br>-Воочување на интервалите по големина ( до октава) и солфежирање на истите во рамките |

| | | | |
|---|---|---|---|
| музички слух;<br>- да развива чувство за заедничко пеење и пеење во групи (канон);<br>- да се воведува во солфежирање на поедноставни двогласни вежби;<br>- да развива способност за солфежирање а виста;<br>- да утврдува функции на стапалата;<br>- да развива музичка меморија;<br>- да ги препознава и применува основните видови и нијансите на брзина и јачина во музичките примери и сопствената изведба;<br>- да го препознава и применува знакот за повторување и прима и секунда волта („прв пат" – „втор пат");<br>- да ги развива умеењата за транспонирање (усно и писмено). | народни песни по слух со текст и со имињата на тоновите<br><br>-„Прв пат"и „втор пат" (прима и секунда волта)<br><br>- Примери од музичката литература<br><br>-Устен мелодиски диктат<br><br>- Елементи на транспонирање | -"Прв пат"и "втор пат" (прима и секунда волта). | на дурска и молска скала.<br><br>- Препознавање на знаците за динамика во композициите кои ги свират и примена на истите при солфежирањето.<br><br>- Наставникот свири иста композиција, менувајќи го темпото (динамиката), а учениците го следат со тактирање, исто така менувајќи ја брзината (јачината).<br><br>- Солфежирање на едноставни двогласни и тригласни канони. (Појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање со и без придружба на инструмент. Да се внимава на тактирањето!)<br><br>-Солфежирање на полесни двогласни примери (на пример, со странично и паралелно движење).<br><br>- Примена на знакот "прв пат"и "втор пат" (прима и секунда волта) во мелодиските вежби.<br><br>- Солфежирање и свирење по ноти на ДМИ на едноставни вежби, примери од литература и канони во сите изучени скали.<br><br>- Наставникот свири или пее кратки примери, а учениците ги солфежираат со ноти (заедно и поединечно). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Запишување на пократки и полесни вежби по сеќавање (подготовка за диктат).<br><br>- Транспонирање на лесните примери усно (пеење, свирење) и писмено.<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Наставен предмет: СОЛФЕЖ со елементарна теорија на музиката | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: РИТМИКА | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да развива умеења за ритмичко читање (парлато) на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот;<br>- да ги применува четвртина и половина мерна единица;<br>-да ги препознава и применува 2/2, 3/2, 4/2 тактови;<br>- да ја доживува четириделната поделба на мерната единица;<br>- да ја препознава и применува шеснаестина нота | - Мерна единица четвртина и половина нота<br>- Тактови: 2/2,3/2,4/2<br><br>- Четириделна поделба на мерната единица со полесни ритмички комбинации<br>-Шеснаестина нота и пауза<br><br>- Пунктирен ритам во рамки на основната единица за броење | - Четвртина и половина нота како мерна единица<br><br>- Шеснаестина нота и пауза<br><br>Четвртина со точка нота и пауза<br><br>-Осмина со точка нота и пауза | - Ритмички вежби со сите комбинации во 2/2,3/2,4/2 такт (при тактирањето секојпат да се нагласува силното време).<br><br>- Воочување на различни траења на слоговите преку ритмичко изговарање на бројалките, брзозборките и текстовите од песничките продружено со плескање со раце, тропкање со нозе, музичко-ритмички движења, свирење на орфови инструменти (ритмички).<br><br>-Воочување на четириделна поделба преку изговарање на текстови и тактирање.<br><br>-Воочување на синкопа и пунктирен ритам преку соодветни текстови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и пауза;<br>-да ја препознава и применува четвртина со точка нота и пауза;<br>-да ја препознава и применува осмина со точка нота и пауза;<br>- да доживува, препознава и применува пунктирен ритам;<br>- да доживува, препознава и применува синкопа во 4/4, 3/4 и 2/4 такт;<br>-да доживува, препознава и применува триола;<br>- да доживува промена на метар на слух во музичките примери;<br>- да препознава и применува промена на тактот во сопствената изведба (солфежирање и свирење на ДМИ);<br>- да го развива чувството за ритмичко повеќегласје;<br>- да го препознава и сфаќа знакот за продолжување на нотна вредност- лак;<br>- да следи мелодија со свирење на орфови инструменти (ритмички). | -Синкопа четвртина-половина-четвртина и осмина-четвртина-осмина<br><br>-Триола како поделба на мерна единица четвртина<br><br>- Промена на тактови (во рамки на иста мерна единица)<br><br>- Ритмички диктат<br>- Ритмичко читање (парлато) на нотен текст во виолински и бас клуч<br><br>- Ритмичко читање на примери од инструментална литература | - Пунктирен ритам<br><br>-Синкопа<br><br>-Триола<br><br>- Ритмички диктат | -Воочување на триола и споредување со четириделна поделба (шеснаестини), дводелна поделба (осмини) и комбинации осмина-две шеснаестини и обратно. Овие активности може да се изведуваат во групи (изменично и истовремено изговарање).<br><br>- Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации.<br><br>- Воочување и примена на промената на тактот во вежби за солфежирање и свирење на ДМИ.<br><br>- Читање парлато на едноставни примери со тактирање.<br><br>- Свирење на едноставни примери (запишани на една и две линии) на орфови инструменти (ритмички). Пред да се отсвири, примерот може да се изговори парлато на неутрален слог „та” со тактирање. Оваа активност може да се изведува во 2 групи: 1-та група свири, 2-та изговара парлато со тактирање и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | обратно;<br><br>- свирење на ДМИ и изговарање парлато во групи (секоја група – свој ритам);<br><br>- игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Со оглед на возраста на учениците часот по солфеж со елементарна теорија на музиката треба да вклучува различни видови на музичката дејност;
- содржините Мелодика и Ритмика се тесно заемно поврзани, па затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите треба да се одвива преку интеграција со друга тема (на пример, совладувањето на ритмичките проблеми во примерите за солфежирање и свирење на ДМИ);
- се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (музички примери од различни стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразни средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели);
- се препорачуваат вежби со различни структури на текстови заради полесното совладување на пумктирниот ритам, синкопата и триолата;
- се препорачуваат музичко-ритмичките движења (плескања со раце, тропкања со нозе, движења во простор) за доживување на ритмичките карактеристики на музиката;
- се препорачува користење на ДМИ за препознавање на тоновите, совладување на ритамот, координација на движења на рацете, просторна ориентација;
- за полесно разбирање на тоновите во различни октави, знаците за промената на висината на тоновите да се употребуваат креди во боја (секоја нота во различна боја);
- за посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата;
- како и во ИИ  одделение на 6-годишното основно музичко образование, наставната тема Диктат не е предвидена, но наставникот може да изведува активности од тип на лесен устен диктат базирани на меморирање и пеење со именување на тоновите (свирење на Орфови инструменти) на кратки мелодиски, односно ритмички мотиви;
- треба да се продолжат активностите сврзани со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности во текот на целата учебна година.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови:*

Мелодика 42 часа; Ритмика 30 часа.

- **Наставни средства:**
  - учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плејер, видеоплејер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори за учење од непосредната околина (предмети во природата и околкината);
  - визуелни средства (сликик, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во оценувањето на постигањата на секое поединечно дете. Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се препорачува одржување на јавен час отворен за родителите и други наставници на кој учениците би имале, ножност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

Оценувањето е со оценка од 1 до 5

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лицето кое завршило:
А. факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија
Б. факултет за музичка уметност – оддели за:
композиција
диригирање
музикологија
етномузикологија
(Приоритет според горенаведениот редослед.)

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученик/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го прошири опсегот на гласот;
- да пее точно песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да се оспособи за прецизно интонирање на тонска висина;
- да се оспособи за следење интонација од инструмент;
- да пројави музичка меморија;
- да пројави чувство за тоналните функции;
- да пројави чувство за ритам;
- да покажува разбирање на ритмичките елементи;
- да пројави умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да пројави интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројави способност за активно, внимателно слушање на музиката и нејзините изразни елементи;
- да пројави способност за изведување движења во музичко-ритмичките активности усогласени со музиката;
- да ги разбира неопходните музичко-теориски поими;
- да пројави разбирање за скалите до три (четири) предзнаци (начин на градење, предзнаци);
- да пројави способност за слушното разликување на дурската и молската скала;
- да пројави способност за слушното разликување на трите видови на молската скала;

- да пројави способност за самостојно солфежирање на полесна мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да пројави умеење за солфежирање а виста;
- да се воведе во солфежирање на полесни двогласни примери;
- да импровизира кратки музички мотиви („прашање-одговор");
- да ги применува ДМИ;
- да пројавува самодоверба во изведување на музичките активности;
- да соработува со врсниците;
- да покажува одговорност во тимско работење;
- да покажува разбирање за правилата на однесување во музичките активности на потесната и поширока средина.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр.02-1228/1 од 09.04.2010 година,
координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/16
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

**9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по предметот ***солфеж со елементарна теорија на музиката*** за III одделение на шестгодишното основно музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

На ден 15. 10. 2010
Скопје

**Министер**

____________________

**Никола Тодоров**